**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,11 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почнуваме со работа.

Продолжуваме со работа по 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Анреј Жерновски, Слободан Најдовски, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Фијат Цановски, Владо Бучковски, Радмила Шекеринска, Али Ахмети, Фазли Велију и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Работиме по 15-тата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, со Предлог на законот.

Продолжуваме со претрес на предлогот за донесување на законот.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Бидејќи остана, или мислам дека во една минута не можеше да се полимизира со наводите на министерот, ќе ми дозволите да се обидам да дадам дополнителни аргументи за нашите констатации.

Не само опозицијата туку и други организации сметаат дека ваквата импровизација што се прави со овој закон за јавни набавки, не може да донесе добро во борбата за спречување на корупцијата. Дали министерот е зафатен со вдомување на своето семејство по институциите кои се во сферата поврзана со финансиите, или има други активности не знам, но не е пријатно да читаме дека Светската банка дава забелешки за тоа дека, без разлика што се вложени во заеднички проекти многу средства од страна на Светска банка за добивање на еден коректен закон, не е информирана дека се прави некоја комбинација со нов закон кој ќе важи само 3 месеци, па одредбите ќе се менуваат уште не донесени итн.

Реков и вчера, Владата се обврзала на 19 март со свој документ, во документот за усогласување на животот со Европската унија, да направи серија потези и во Извештајот што го дала во Европската комисија никаде не се пожалила на опозицијата, како што вчера сакаше тоа министерот Славески да ја дефокусира јавноста дека наводно сегашната опозиција требала нешто да заврши во мај итн.

На страна 86 од документот за усогласување на правото со Европската унија. Оваа Влада, мислам дека навистина е некоректно, господине потпретседателе. Би замолил за 10 минути пауза.

**Бесим Догани:** Ве молам да го дослушаме тоа што сака да го каже господинот Макрадули. Ве молам за повеќе внимание и ред во салата.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Јас знам дека не е пријатно, само не знам зошто пратениците се толку релаксирани, затоа што министерот си ги удомува своите деца па тоа не им смета, бидејќи, веројатно, и тие си ја завршиле таа работа, па сега не може човек ни тоа да го каже во јавноста.

Значи, оваа Влада на Никола Груевски се обврзала на 19 март за серија потези што е документ на усогласување на правото со Европската унија каде што ниту СДСМ е обвинета, ниту се превземени некои други мерки против опозицијата, туку напротив е пофалена целата таа постапка што до сега е реализирана. Потврдена е транспарентноста на претходно донесениот закон во целата постапка, аргументиран со директивите на Европската унија итн, еден законски проект кој е донесен во 2004 година и потоа со измените за електронскиот начин, или овозможување на електронската форма на вршење на јавните набавки, дополнет во декември 2005 година. Оваа Влада се обврзала во краткорочните проекти да постави регулирање на правилата за јавни набавки во областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот, поштенските услуги и истражување на земјиштето. Оваа Влада има препорака од Европската комисија консесиите да ги реши со законот за јавни набавки што како обврска оваа Влада во 2007 година решила дека тоа ќе го направи со Законот за концесии. И она што е најзначајно, институционално зајакнување на Бирото за јавни набавки. Тоа се препораките и од Европската комисија, тоа е обврската што оваа Влада ја преземала. За жал, гледам една поинаква ситуација. На нас ни се предлага закон, денес еден, во понеделник друг што не е ниту во согласност со препораките и обврските што Владата на господинот Груевски ги преземала од една страна, а од друга страна членовите кои се дадени денес на разгледување кои се повторуваат во законот што го имаме на седницата во понеделник, дел се видоизменети и дел се дополнети во некоја форма плус или минус, при што законот што ни е даден за во понеделник вели дека ќе престанат да бидат во важност законите од 2004 и 2005 година, но никаде не пишува што се случува со судбината на овие измени на закон. Значи, овие денешни измени што ги правиме се дел од некој оргинален текст, од некој оргинален закон кој треба да си ја знае својата судбина. Единствено оправдување зошто тоа е направено е да може Владата да си тера со концептот на непосредни спогодби што го

иновираше како посебна методологија или посебна техника. Многу јавни повици во Република Македонија завршија на ист начин. Регуларната постапка се прекина, забрзаната постапка се прекина, Второстепената комисија дава препорака да се реши со непосредно договарање. Такви беа, реков и вчера, 11 тендери од 14-те, од организирање на самитот во Охрид, ЕАПС.

Овој закон што денес ни стои на располагање или што ги имаме денес на разгледување, отскокнува во три точки од она што од нас го бараат Европската комисија, Владата го презела во документот - Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

Прво, го менува членот 66 што се однесува на непосредната спогодба, или непосредното договарање или преговарање каде што го исклучува Бирото и мислењето од Бирото, во целата постапка. Не оди во правец на препораките што не се само од Европската комисија, туку и од центарот за граѓански комуникации што и вчера беше елаборирано од мојата колешка Верица Филипова. Не само што се оди на зајакнување на институцијата на Бирото, да се издвои од Министерството за финансии, да дојде до еден механизам каде што Собранието ќе биде чинител кој што ги бира луѓето во оваа осетлива институција, туку напротив со предложените измени на законот, секаде каде што треба да се добие мислење од Бирото или согласност, тоа се трга, а на нејзино место се става Владата. За жал, таа политика не може ниту да вроди со плод, ниту може да добие позитивни оценки и станува сосема нормално или извесно зошто Владата го крие овој закон од Светската банка.

Втора точка каде овој закон се коси со препораките е обезбедувањето на механизми за полесно да си ги вршат непосредните договарања, односно цената од три на пет илјади евра за непосредно договарање и втората, по кусите рокови за суми од околу 130 илјади евра. Веројатно Владата искритикувана од целокупната јавност за лошото трошење и реализација на капиталните институции, на срамотните нула посто реализација на капитални инвестиции по неколку министерства, на несфатливите ниски проценти за реализација, дури и ви Министерството за одбрана кога сме на прагот на зачленувањето на НАТО, се обидува да си го легализира начинот кој сега е долг, а за тоа треба да поминат 52 дена, па да се пријават со забрзана постапка и на крај со непосредна постапка да се избере најповолниот купувач. Има многу примери, јас и вчера кажав некои денес ќе ги повторам.

Без разлика што Владата велеше на пример, кој сакате повик за јавни набавки, можеме на ист начин да го погледнеме. Значи, без разлика што Владата велеше дека на 24 мај ќе започне, наводно бесплатниот интернет во Република Македонија, Комисијата за жалби на јавни набавки, на 05 јуни го поништува решението за избор на најповолен понудувач. И бидејќи во тој период е гласањето за доверба на Владата каде што не само јас туку и други свои дискусии му укажаа на премиерот дека во таа замислена слика за Република Македонија и тој што образлагаше во своето експозе дека не постојат тие работи, по многу забрзана постапка и на чуден начин веднаш тендерот за нудење, наводно, на бесплатен интернет е даден на Македонски телекомуникации кое решение за најповолен понудувач е поништено на 5 јуни 2007 година. Но, премиерот, тие 20-тина дена што доцнеше, а што беше искритикуван на гласањето на доверба, мораше некако да го надомести со брза одлука надвор од законот за јавни набавки. Можеме да кажуваме многу примери. Ќе се вратам на примерот каде најмногу е инволвиран оној што треба да ја штити целата работа, тоа е министерот Славески.

На отворениот повик, се разбира со забрзана постапка, да немаме дилеми 1/07, Министерството за финансии побара понуди за осмислување и реализација на медиумска кампања на потребите на Министерството за финансии и без разлика што повикот трае до 23 февруар, значи рокот за доставување на понудите е најдоцна до 23 февруар 2007 година, министерот се решава со непосредна спогодба која тој мисли дека чини 3 илјади евра, да режира спот кој тој го вика - Се се менува, а на граѓаните им е познат како - добра фризура и да не убедува овде на пратенички прашања, на нашето пратеничко прашање на СДСМ, дека изработката на спотот е направена до 3 илјади евра, до 180 илјади денари и дека закупувањето на секундите по приватните телевизиски куќи е направено со посебен договор надвор од овој тендер, со огромни попусти што тој ги добил. Затоа мене ме радува што министерот се обврза да изврши политички притисок врз Комисијата за спречување на корупцијата, како што тоа го направи врз независната невладина организација Транспарентност, рокот од 30 дена што поодамна е поминат да го заклучи и да ни каже како е можно кога една секунда во телевизиите со национална концесија чини 65 евра и тој од прилика трае 20 секунди, сето тоа влегува и изработка и емитување во 3 илјади евра.

Бидејќи по Законот за јавни набавки понудата е неделива или за иста работа не можете да имате и со непосредна спогодба и со собирање на понуди, тој спот, без разлика што беше симпатичен, не оди на телевизиските куќи и не е точно дека министерот планирал тој спот да оди толку, кога во повикот за истиот кој требало да заврши на 23 февруари, сосема други работи се бараат од тој спот и од емитувањето, но знаејќи дека го прекрши законот за јавни набавки, понудата за спот, изработен по отворениот повик 1/07, никогаш не ја виде светлината на медиумите. За жал, претседателот на Комисијата за спречување на корупцијата, остана нем, како што остана нем и за господинот Кедев и за случувањата на Воената болница, како што

остана нем за непотизмот на министерката за внатрешни работи, за Министерството за финансии допрва ќе чекаме одговор за фамилијата Славески, ќе биде интересно да видиме како и тоа ќе го избегне Комисијата за спречување на корупцијата. Но, останува впечатокот во јавноста дека не постојат спотови, не постојат медиумски кампањи што оваа Влада може да ги плати, а вистината да не дојде на виделина. Така беше и со непосредната спогодба со ОКТА, така беше и со непосредната спогодба со ТАБАК- Осигурување, така беше непосредната спогодба со Адвокатската канцаларија Куновска, такви беа редица други незаконски реализации на јавни повици. Така завршија 11 од 14-те јавни повици за самитот во Охрид. Ниту ќе напреднеме во борбата против корупцијата, ниту со спектакуларните и надвор од било која логика и законска основа, апсења, ќе успееме да ја подобриме сликата кога оние што се најодговорни, премиерот, во овој случај министерот за финансии предлага закон кој го крие од Светска банка, предлага закон кој не е усогласен во оние точки што самата Влада си ги земала како обврска кон Европската комисија и предлага закон кој само до крајот на годината ќе биде генератор на низа скандали и афери, бидејќи тоа ќе биде единствен случај да носиме закон, во четврток, денес, еден, во понеделник дргу, за иста тема, а само да се искористи транзицискиот период за време на летото и до крајот на годината срамната бројка на извршување, на реализација на капиталните инвестиции, се покачи на бројката што премиерот Груевски како задача им ја задал на министрите, на затворената седница, на која и се решиле да ја дадат Воена болница на Жан Митрев. Затоа се надевам дека не сите пратеници од парламентарното мнозинство, успеале да си најдат вработување за своите деца, синови и ќерки што имаат и одлични просеци, како што некои пратеници кажуваат, кои не успеале тоа да го направат, ќе погледнат што овој закон нуди и дали овој закон и треба на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

За реплика се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Се јавувам за реплика, затоа што господинот Макрадули веројатно ќе се јавува повеќе пати за збор.

Господине Макрадули, целата моја кариера после завршувањето на факултетот беше насочена во јавниот живот во борба против олигарсите, кои вие цело време ги штитевте, ги создадовте и сеуште ги штитите. Во меѓувреме станав универзитетски професор, вие останавте асистент и меѓу време создадов фамилија на која што сум горд. За тоа можеме да разговараме на друго место.

(Реакција на господинот Макрадули од место)

**Бесим Догани:** Господине Макрадули, ве молам, да го сочуваме достоинството на Парламентот.

Господине Макрадули, ве молам, седнете.

(Реакција на господинот Макрадули од место)

Господине министре, продолжете.

Повелете господине министер.

(Господинот Макрадули ја напушти салата)

(Исто така господинот министер Трајко Славески ја напушти говорницата. )

Процедурално има Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Во име на пратеничката група барам пауза.

**Бесим Догани:** Во ред, еден час пауза во име на пратеничката група на ДУИ.

Продолжуваме во 13,35 минути. Благодарам.

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 13,42 часот

Продолжуваме со работа.

Процедурално бараше пратеничката Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:**Почитуван потпретседателе,

Остро реагирам на врвниот привитивизам кој што го искажа министерот за финансии господинот Трајко Славески од собраниската говорница, а уште позагрижени сме заради тоа што ова не е прв пат и очигледна е тенденцијата во однесувањето на министрите и на Владата во ситуација кога немаат аргументи со кои што ќе ги бранат своите позиции или контра аргументи, со кои што ќе одговорат на тврдењата на опозицијата да се користат со лични дисквалификации на пратеници, што е крајно недозволиво.

Затоа, барам од име на пратеничката група на СДСМ господинот Трајко Славески да се извини веднаш, а исто така, и вие како потпретседател на Собранието да се извините, заради тоа што имате обврска да го штитите угледот на секој пратеник во овој собраниски дом, без разлика на тоа од која политичка партија припаѓате.

Затоа, уште еднаш барам веднаш извинување од минисерот за финансии.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Јас пред себе го имам стенограмот од тоа што е говорено што го кажал министерот, сте го прочитале и вие, јас сметам дека нема никаква лична увреда и за тоа не прифаќам да се извинам. Но, напротив, би барал да дојде господинот Макрадули и да се извини, поради тоа што го сруши дигнитетот на овој Парламент, употребувајќи пцовки, упатувајќи навреди.

Господине Кондарко, ако мислите е малку, тоа е ваш проблем. Јас како претседавач во моментот на збиднувањата оценувам дека министерот Славески не упати никаква приватна лична навреда, туку од друга страна оценувам дека господинот Макрадули го сруши дигнитетот на Парламентот, употребувајќи пцовки и директни

упати кон пратеници и кон претседавачот на Собранието и реагирајќи од место. Мислам дека во моментот не треба да дискутираме за ова. Јас повеќе пати од пратениците сум побарал да говорат за темата на законот кој се носи, да не говорат за лични работи, лични квалификации, бидејќи на таков говор нормално е да се очекува и таков одговор.

Прво, процедурално има Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе се задржам на стенограмот и сакам македонската јавност уште еднаш да ја потсетиме точно што господинот Трајко Славески кажал.

“Трајко Славески: Се јавува за реплика, затоа што господинот Макрадули воопшто веројатно ќе се јавува повеќе пати за збор. Господине Макрадули, целата моја кариера после завршувањето на факултетот беше насочена во јавниот живот во борбата против олигарсите кои вие цело време ги штитевте, ги создадовте и сеуште ги штитите. Во меѓувреме станав универзитетски професор. Вие станавте асистент и меѓувреме создадов фамилија на која што сум горд. За тоа можеме да разговараме на друго место. (Реакција од господинот Макрадули)”.

Овде нема ништо навредливо. Тука не пишува дека господинот Макрадули останал асистент, туку станал асистент. Ако е тоа за него навреда што станал, нека не станувал.

Втора работа на која што сакам да се задржам на еден господин кој што е потпретседател на политичка партија, кој што се смета за една од најголемите опозициони партии, не смее да си дозволи да излегува од она што е темата на дневниот ред. Тој упати во неколку наврати критики и на нив не му беше одговорено. Најверојатно, излезе од контрола самиот тој и сето тоа доведе, значи немањето на негова контрола во дадениот момент доведе до создавање на одредена несакана ситуација во Парламентот. Дали господинот Макрадули со вакво однесување ќе може да биде потпретседател на политичка партија на најголемата опозициона партија или врз основа на ова што денес се случи претседателската Радмила Шеќеринска ќе преземе одредени мерки, тоа е нивна внатре партиска работа.

Ние би апелирале, затоа што во минатиот период имаше слични ситуации, каде што имаше различни упади од господинот Макрадули со навредливи зборови, ова понатаму да не се случува во Парламентот. Оттука, бараме господинот Макрадули јавно да и се извини на македонската јавност и на сите пратеници во овој дом, затоа што го наруши дигнитетот на ова Собрание, поготово да се извини на господинот Трајко Славески, затоа што му упаѓаше во зборот и недолично се однесуваше. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Госпоѓа Јагнула Куновска, повелете три минути процедурално.

**Јагнула Куновска:** Почитувани колеги, јас не мислам да бидам ниту бранител, ниту обвинител во случајов и нема да спомнувам имиња. Но, често кога сум се побунувала, така да речам под наводници, било поради непринципиелното однесување на опозицијата. Истата во недостаток на аргументи користела присуство на сите министри поединечно, не е важно, дури и на премиерот и се обраќала кон нив со недолични зборови, кои што не доликуваат на нас како личности тука, претставници на народот.

Второ не доликуваат на нас како пратеници.

Трето, не го чуваме дигнитетот на овој законодавен дом. Се однесуваме како деца, навредуваме, а потоа очекуваме односно се лутиме и тогаш кога не сме навредени. Тоа не е пристојно. Мислам во иднина треба претседавачот, а тоа го чини, но ригорозен да биде на опозицијата, бидејќи таа се служи со тоа да и се одземе зборот кога навлегуваат во навреди. Јас сум гласна, затоа што нивното однесување е недолично и тоа народот го слуша и го гледа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Куновска.

Госпогица Славица Грковска, има процедурално, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе,

Претпоставувам дека не би требало да бидам ни изненадена кога имаме таков претседател со такви потпретседатели, кои наместо да се стаaат во заштита на дигнитетот на Собранието и на пратениците, ние се доведуваме во ситуација пратеник кој е навреден и кон кои се упатени имплицитно навредливи зборови и на лична адреса, да биде ставен од страна на парламентарното мнозинство на столбот на срамот и уште ирнијата да биде поголема на него да му се суди и да се обвинува.

Јас барам од господинот Трајко Славески уште еднаш јавно да се извини заради ваквиот начин на неговиот настап и на неговото адресирање кон пратениците. Заради тоа што, врз основа на неговото однесување ќе одлучиме што ќе правиме понатаму.

Јас барам јавно да каже дали министерот Трајко Славески има намера веднаш да се извини, заради тоа што ја злоупотреби говорницата и заради тоа што ја употреби за лични пресметки и навреди. Значи, ако некој го руши дигнитетот на ова Собрание, тоа е крајно примитивниот настап на господинот Славески, кој што е гостин во ова собраниска сала и треба да се однесува како гостин, треба да се однесува со почит кон пратениците, а не со лични дисквалификации кон нив. Заради тоа што личните дисквалификации нема да му помогнат утре кога некој ќе ги преиспита непосредните спогодби и во тој случај никој дуг нема да му биде виновен.

Затоа, барам веденаш господинот Трајко Славески да се извини.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Госпоѓице Грковска, јас како претседавач го дадов мојот суд. Мојот суд беше дека господинот министер Трајко Славески не треба да се извини. Нема ни јас да се извинам. Во моментов за вас сум судија, бидејќи тоа ми е да дено со Деловник.

Процедурално, три минути има господинот Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега, апсолутно мојата процедурална забелешка оди во насока дека сме обврзани и претседателот, вие и јас да го одржуваме достоинството и дигнитетот на Собранието.

Од она што го видов јас во стенограмот, воопшто не гледам дека на некој начин во дебатата било нарушено до одреден степен. Дали нас ќе не обвини како раководство некои од колегите, тоа е ирелевантно. Друг ќе го вреднува нашето работење како претседател и потпретседатели. Но, за жал, ќе повторам и сега јас тоа јавно го реков, вчера се обврзавме пред господинот Оли Рен дека во Собрание ќе оствариме дебата за сите обврски кои ги имаме преземено како Парламент, за да ја придвижиме побрго Република Македонија кон Европска унија. Но, гледајќи од ова што се случува по однос на процедуралните забелешки, злоупотребите на овие процедурални забелешки, не сум убеден дека тоа уверување што го дадовме на господинот ќе резултира со позитивен ефект. Јас за тоа колешката Грковска и понатаму ќе ја оставам да се препуцава овде како на пазар, а не да слуша што имам забелешка како процедурално.

Би ве замолил, колега, бидејќи го имате тоа апсолутно право, дајте пауза нека се одморат луѓето малку, главите им се вжештија до повисок степен.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Анастасовски.

Имаме само уште четири минути до ручек.

Последно процедурално пред паузата господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине Бесим.

Ваквите сцени се случувале и во претходниот парламентарен состав, но секогаш ние како пратеници, не зависно опозиција, позиција имавме обврска и имаме обврска, но и вие како претседавач да го зачуваме дигнитетот на овој законодавен дом. Но, да го зачуваме и да го заштитиме дигнитетот на пратеникот, затоа што со таа заштита, ние ќе го заштитиме дигнитетот на министерот. Ние како парламентарна група немаме никаква забелешка во однос на претседавачот, бидејќи беше многу коректен, но кога е во прашање министерот, ние не знаеме што сакаше да каже со тоа кога го спомна семејството на еден пратеник, во случајов на колегата Макрадули. Можеби беше во позитивен контекст. (Реакција на пратениците).

**Бесим Догани:** Господине Алити, ве молам продолжете.

Госпоѓице Грковска, дајте му на господинот Алити да заврши со процедуралното. Ве молам, колеги, дјте му на господинот Алити да заврши со процедуралното.

**Рафис Алити:** Уште еднаш велам дека ние како пратеници и јас не можам да судам во каков контекст го спомна семејството. Како и да е министрите треба да бидат повнимателни кога дебатираат во оваа сала, да избираат зборови, затоа што ние како пратеници знаеме, некогш знаеме и да го навредиме, но министерот е министер и не му треба да се занимава со приватниот живот на еден пратеник итн.

Во оваа насока уште еднаш ќе спомнам, инерес на сите нас пред оние што не избраа е навистина да го сочуваме нашиот авторитет и авторитетот на оние кои што ги избираме и ги избираат.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Бидејќи, е веќе 14,00 часот, објавувам пауза, редовна пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,09 часот).

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, продолжуваме со работа.

Претпоставувам процедурално.

Повелете господине Макрадули вашите три минути за процедурално.

**Јани Макрадули:** Потпретседателе, мојата прва реакција е до вас иако вие не бевте во салата, се обидовте да интерпретирате нешто што не бевте присутни во моментот кога се случуваше. Би сакал да ве запрашам вас, другиот потпретседател Догани и претседателот Љубиша Георгиевски, ако се покаже дека стенограмот што ни е поделен не одговара на аудио записот, дали сте подготвени да поднесете оствка, реална, а не алиби.

Кој ќе ја понесе одговорноста ако стенограмот што ни е поделен е различен од аудио снимката од говорот на министерот Славески.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега за тоа сепак треба да има аргумент дека е така. Јас ова што го имам пред себе тоа го коментирав пред паузата. Јас за тоа говорам овде што пишува, а дали има аудио документ кој можеби уште нешто содржи, јас не знам. Ако мислите дека може да има таков документ, ќе направиме пауза да видиме дали можеме да обез...

(Од место господинот Макрадули го прашува потпретседателот дали би ја понел одговорноста).

Еве, ако тоа ве задоволува јас ќе ја понесам, не се секирајте, тоа е најмал проблем, јас ќе ја понесам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Борис Кондарко, повелете.

(Реакција од пратениците, тие што се пријавиле за процедурално).

Јас гледам повеќе пријавени за процедурално Весна Бендевска, Влатко Серафимов, Догани...

(Од место се јавува госпоѓа Роза Топузова дека е испуштена од процедуралните).

Повелете три минути процедурално пратеник госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе,

Мојата процедурална забелешка се состои во следното:

Не само ние, туку целата македонска јавност беше сведок на еден скандал кој резултираше со уште погоелм скандал. Барам од вас, со оглед на обвиненијата и сомнежот дека некој овде манипулира и фингира со стенографски белешки мора и треба да се лоцира кој, како, кога и по чиј налог ја фингирал приземната, би рекла, изјава на господинот Славески со цел да му овозможи некои други,на пример како вас кои не бевте присутни, а се обидовте да го одбраните, да ја преземат одговорноста.

Ве молам, под итно наредете прекин на седницата и дајте пред нас да бидеме убедени дека тоа што не смее да се случи во македонското Собрание навистина се случило. Па тогаш ќе говориме за реална одговорност најпрво од господинот Љубиша Георгиевски, а потоа и од двата потпретседатели. Ова Собрание не може и не смее да амнестира фингирани документи во интерес на владеачката структура. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас ви благодарам на процедуралната забелешка, искрено, да бидам искрен, јас ќе објавам овде пауза, нема да ја прекинам, ќе објавам пауза од половина час, бидејќи се ова сериозни обвинувања. Јас ќе објавам пауза се со цел да го тргнеме сомнежот дека такво нешто постоело. Искрено, тоа е во интерес на сите нас пратеници во Собранието.

Искрено, објавувампауза 30 минути за да ја испитаме целата ситуација. Благодарам.

Паузата е дадена во 15,17 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,51 часот).

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, бидејќи измина времето за пауза, а имаше серија на обвинувања ...

(Пратеникот Макрадули бара процедурално).

Вие барате процедурално?

Сакам да објавам координација, па после тоа ќе добиете процедурално. Бидејќи имаше серија обвинувања (реакција од пратениците од опозицијата од место).

Сега ќе повикам на кординација, па ако се договориме, ќе продлжиме со работа. Дозволете да се доискажам, ако може, ако ми дозволите да се доискажам.

Ги повикувам координаторите на координација во салата за да се договориме како понатаму и да го видиме моментот каде после снимката која ја гледавме дали нависитна тоа било така и да излеземе со единствен став.

Ви благодарам, координација (реакција од страна на пратениците од опозицијата).

Јас не гледам фалсификат, затоа реков координација да се договориме како понатаму. Ви благодарам.

(Пауза од 15,54)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,28 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Почитувани колеги пратеници, координацијата каде бевме присутни Претседателството и сите координатори на пратенички групи на некој начин имаше одреден ефект.

Гледајќи го повторно аудио записот се констатира дека во еден збор од стенографските белешки постои различност, која можеби ја менува на некој начин содржината.

Затоа, како координација утврдивме да се формира внатрешна комисија со која ќе раководи генералниот секретар на Собранието и да се испита тој детал од стенографските белешки и да се излезе со извештај од таа комисија.

Во согласност со сите координатори и со Претседателството одлучивме овде да биде прекината денешната работа, ќе бидете дополнително информирани за продолжението на оваа седница.

Овде завршуваме, дополнително ќе бидете информирани за продолжението.

(Седницата прекина со работа 16,32 часот)